Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 105, 1 јули 2013 година

јули 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област дентална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област орална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област експлоатација на слоевити лежишта на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област палеонтологија и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област географија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област туристичика промоција на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области клиничка психологија и развојна психологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област енергетско и процесно машинство и термотехника и термотехнички алати и постројки на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 107

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за научната област ентомологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 110

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-394/8 од 18.5.2013 год., донесена на 94. седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 18.5.2013 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден *наставник* во сите звања за наставно-научната област *туристичка географија* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм” на 30.04.2013 г., и во предвидениот рок се пријави кандидатот **д-р Никола В. Димитров**, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатот, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Никола (Венко) Димитров** е роден на 28 ноември 1958 год. во Битола. Основно и средно образование (гимназиско) завршува во родното место. На 15 февруари 1980 год. завршува студии по географија и историја на Педагошка академија во Битола. Во 1983 година како редовен студент дипломира на Групата за географија во Скопје.

Во 1985 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за географија при ПМФ на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насока Географски основи на просторно планирање. Магистерскиот труд со наслов *„**Урбано-географски развиток и промени во морфо-урбаната структура на градот Битола***“ го одбранува на 31 јануари 1992 год. и се стекнува со научен академски степен **магистер на географски науки.**

Докторската дисертација со наслов „Демогеографска анализа на миграционите процеси во југозападниот дел на Република Македонија“ успешно ја одбранува на 18 декември 2001 год. на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, при што се здобива со научен степен доктор на географски науки.

***Работно искуство***

Од 1 април 1987 до 21 март 1994 година работи во ОУ „Трајан Белев“ – село Цапари, Битолско, како наставник по географија и историја.

Од 22 март 1994 до 7 ноември 2002 година работи во СУ Гимназија „Јосип Броз - Тито“ во Битола, како професор по географија.

Од 8 ноември 2002 до 31 октомври 2008 година работи во *Биро за развој на образованието, Подрачна единица – Битола (БРО-ПЕ),* орган на Министерство за образование и наука на Република Македонија – Скопје, на работно место државен службеник - советник, самостоен стручен советник за образование, а подоцна е назначен за одговорен работник – раководител на БРО-ПЕ Битола и за државен службеник – советник за предметот Географија.

Врз основа на Конкурс (од 23 јули 2008 год., објавен од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип), на 6 август 2008 год. на седницата на Матичната комисија за основање на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ е избран за доцент, наставник по предметот Туристичка географија. Договор за вработување на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, со ангажман на Факултет за туризам и бизнис

логистика, Катедра за туризам, е склучен на 1 ноември 2008 год. Во текот на изминатите пет години (2008-2013), работниот однос на кандидатот на ФТБЛ вклучува ангажман како доцент - професор по повеќе наставни предмети и продекан на Факултетот, како и низа други работни обврски и задолженија, член во повеќе комисии и работни тела, кои и денес тековно ги обавува.

Од учебна 2010/2011 год. работно е ангажиран и на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев", на Катедратата за географија. На Студиската програма по географија како професор реализира настава по група предмети.

Од изборот во звањето доцент до денес, кандидатот д-р Никола Димитров, активно учествува на домашни и меѓународни научни собири симпозиуми, конференции, трибини и слично.

Се забележува дека целиот работен стаж од 26 години кандидатот доц. д-р Никола В. Димитров работи во системот на образованието. Имено, кандидатот своето работно искуство го поминал низ сите степени на образование и тоа како наставник по географија и историја во основно, наставник-професор по географија во средно образование, советник за географија и како доцент во високото образование. Во сите степени на образование примарен ангажман му била географската настава и наука.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот доц. д-р Никола В. Димитров, во периодот од 2008 до денес, во рамките на Факултет за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при УГД – Штип, ги извршува следниве работни задачи: професор по шест наставни предмети на прв и на четири наставни предмети на втор циклус, потоа бил сенатор (од 20 ноември 2008 до 8 февруари 2009 г.), продекан (од 9 февруари 2009 г. со повторен избор од 7 септември 2011 г. - *тековно*). Од учебната 2010/2011 година на Факултетот за природни и технички науки (ФПТН) при УГД-Штип одржува настава на пет наставни предмети во прв циклус – катедра/студиска програма по географија.

Кандидатот на ФТБЛ во прв циклус во период од пет години (2008/2009-2012/2013) со голема умешност, одговорно и квалитетно ја реализира наставата на три студиски програми (Туризам во *Гевгелија*, Гастрономија, исхрана и диететика во *Штип и во Скопје* и Бизнис логистика во *Скопје*) по предметите: Туристичка географија, Туристички дестинации, Просторно планирање, Културно наследство, Ресторански менаџмент и Рурален туризам.

Бројот на часови по наставни предмети, студиски програми, место на реализација и учебни години е претставена во прегледот што следи:

**Студиска програма: *Туризам*** - *Гевгелија*

| **Наставен предмет** | **2012/2013** | **2011/2012** | **2010/2011** | **2009/2010** | **2008/2009** |
|---|---|---|---|---|---|
| Туристичка географија | 3+2+2 | 2+2+1 | 2+2+1 | 2+2+1 | 3+1 |
| Туристички дестинации | 1+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 | 3+1 | - |
| Просторно планирање во туризмот | - | - | - | - | 3+1 |
| Културно наследство | 1+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 | 3+1 | - |
| Ресторански менаџмент | 2+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 | 3+1 |
| Вкупно часови: | **7** | **5** | **5** | **9** | **9** |

**Студиска програма: *Туризам*** - *Штип*

| **Наставен предмет** | **2009/2010** | **2008/2009** |
|---|---|---|
| Туристичка географија | - | 3+1 |
| Туристички дестинации | 3+1 | - |
| Културно наследство | 3+1 | - |
| Ресторански менаџмент | - | 3+1 |
| Вкупно часови: | **6** | **6** |

**Студиска програма:** ***Гастрономија, исхрана и диететика*** *- Штип*

| **Наставен предмет** | **2012/2013** | **2011/2012** | **2010/2011** | **2009/2010** |
|---|---|---|---|---|
| Туристичка географија | 3+2+2 | 2+2+1 | 2+2+1 | 2+2+1 |
| Туристички дестинации | 2+2+2 | 2+2+2 | 2+2+2 | 2+2+2 |
| Културно наследство | 1+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 |
| Ресторански менаџмент | 2+1+1 | 2+2+1 | 2+2+1 | 2+2+1 |
| Рурален туризам | 2+1+1 | - | - | - |
| Вкупно часови: | **10** | **7** | **7** | **7** |

**Студиска програма:** ***Гастрономија, исхрана и диететика*** *- Скопје*

| **Наставен предмет** | **2012/2013** | **2011/2012** | **2010/2011** |
|---|---|---|---|
| Туристичка географија | 3+2+2 | 2+2+1 | 2+2+1 |
| Туристички дестинации | 2+2+2 | 2+2+2 | 2+2+2 |
| Културно наследство | 1+1+1 | 1+1+1 | 1+1+1 |
| Ресторански менаџмент | - | 2+2+1 | 2+2+1 |
| Вкупно часови: | **6** | **7** | **7** |

**Студиска програма:** ***Бизнис логистика*** *- Скопје*

| **Наставен предмет** | **2012/2013** |
|---|---|
| Просторно планирање | 2+2+1 |
| Вкупно часови: | **2** |

**ФТБЛ – Број на наставни часови од предавања на прв циклус студии**

| **Учебна година** | **2012/2013** | **2011/2012** | **2010/2011** | **2009/2010** | **2008/2009** |
|---|---|---|---|---|---|
| Сè вкупно (**100**): | **25** | **19** | **19** | **22** | **15** |

Од учебната 2010/2011 год. реализира настава и на **Факултетот за природни и технички науки (ФТПН)** на студиската програма - Географија, по предметите: Географија на население, Демографија, Географски основи на просторно планирање, Методика на настава по географија 1 и Методика на настава по географија 2. Бројот на часови по наведените наставни предмети по учебни години за двата семестри е претставена во прегледот што следи:

**Студиска програма:** ***Географија*** **–** Штип

| **Наставен предмет** | **2012/2013** | **2011/2012** | **2010/2011** |
|---|---|---|---|
| - Географија на население | 2+2+1 | 2+2+1 | 2+2+1 |
| - Демографија | 2+2+2 | 2+2+2 | - |
| - Географски основи на просторно планирање | - | 1+1+1 | - |
| - Методика на настава по географија 1 | 2+2+1 | - | - |
| - Методика на настава по географија 2 | 2+2+1 | - | - |
| Вкупно часови (15): | **8** | **5** | **2** |

Сè вкупно, кандидатот доц. д-р Никола Димитров, за период од пет години *(од изборот за доцент – од 2008 г.)* на прв циклус студии, реализирал настава на единаесет наставни предмети (*на три места Гевгелија, Штип и Скопје*).

Кандидатот доц. д-р Никола Димитров од 2010/2011 година реализира настава на ФТБЛ и на втор циклус студии, и тоа на модулот Меѓународен туризам, по два наставни предмети (*Методологија на научноистражувачка работа и Туристичка валоризација и одржлив развој*), а на модулот Бизнис логистика, исто така два предмета (*Методологија на научноистражувачка работа* и *Регионално планирање и одржлив развој*).

***Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност***

Кандидатот во текот на повеќегодишната работа учествува во неколку научноистражувачки проекти и бил во улога на: учесник консултант и обучувач.

| р.б. | О/. Назив на проектот, организатор, тема на истражување и апликација, својство и година на реализација |
|---|---|
| **1.** | Проект: „ТУР РЕТУР“, Факултет за туризм и бизнис логистика – Гевгелија, Обука за туристички водич, туристички придружник и раководител на туристичка агенција, учесник од 2011 год. – тековно... |
| **2.** | Проект: „Програма за развој на Пелагонискиот регион“ Регионална развојна агенција на ПЕЛАГОНИЈА-ПРЕДА“ – Прилеп, Систем на населби и урбанизација, Учесник-консултант, во 2008 год. |
| **3.** | „Проект за основно образование“ (ПЕП), УСАИД /Македонија, Обучувач за едукација на наставници, учесник-обучувач како советник во БРО, од 2006 до крајот на 2008 година. |

***Опис на поважни трудови на кандидатот***

**д-р Никола В. Димитров (од изборот за доцент во 2008 год.)**

Кандидатот д-р Никола В. Димитров во својата научноистражувачка работа има објавено 96 трудови од кои во периодот од изборот во доцент во 2008 год. до денес (2013 год). има објавено 51 труд.

Евалуацијата на монографските книги, скрипти и стручни трудови е претставена како што следува. Рецензентската комисија (бидејќи во претходниот избор за доцент од страна на Матичната комисија не биле вреднувани) ги разгледа и оцени сите монографски изданија и рецензирани скрипти, а од листата на научностручните трудови во овој реферат се рецензирани само оние кои поседуваат посебен научен и научно-стручен квалитет, а кои се објавени во периодот по изборот во доцент. Подвлекуваме дека наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитет „Гоце Делчев“–Штип.

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Dimitrov=3ANikola=3A=3A.html

***Монографски книги и рецензирани скрипти***

1. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2013) *Просторно планирање* – скрипта, УГД, ФТБЛ, Штип, стр.222 *(е-библиотека, УГД)*

Рецензираната скрипта на разбирлив и концепиран начин и со доволно графични прилози е приспособена за потребите на студените за туризам и бизнис логистика. Текстуалниот и графичкиот дел претставуваат квалитетна основа преку која студените се здобиваат со доволен квантум на научни и стручни информации за просторното планирање.

2. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** МАРКОСКИ БЛАГОЈА. (2011) *Теренска настава – прирачник по географија*, „Геомап“ – Скопје, стр.115, (ISBN 978-9989-2117-4-4)

Претставува прв прирачник кој во целост ги запознава и води наставниците по географија, во теоретските и во практичните вештини на процесот на изведување на теренските настави, од првичната идеа, преку планирањето, изведувањето, сѐ до сумирањето на постигнатите резултати на теренската настава. Прирачникот е наменет за наставниците по географаија од основно и од средно обазование, но корисни информации можат да добијат и наставниците од другите дисциплини, како и љубителите на природата.

3. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** ОГНЕНОВСКИ ТРАЈКО, (2009) *Битолски регион – население и населби, монографска книга*, Општина Битола, стр.303 (ISBN 978-86-17-12355-4)

На едно место се изнесени огромен број показатели за населението во Битола, и за сите останати населбите во битолскиот регион, како на актуелните, така и на исчезнатите населби. Во рамките на дозволениот простор се обработени демографските и етнографските карактеристики, но и административно-териоријалната поделба на Битола и Битолско. Изнесени се податоци за сегашните три општини Битола, Новаци и Могила. Во функција на текстот се приложени повеќе табели, графикони, цртежи и фотографии.

4. **ДИМИТРОВ В.НИКОЛА** (2009) *Велмевци – предци и наследници, монографија,* МЗ Велмевци, Општина Демир Хисар, стр.394 (ISBN 978-9989-57-635-1)

Во книгата студиозно и опширно се обработени историјата, географијата и животот на жителите од село Велмевци. Оваа студиозна монографска книга, според својата методологија на истражување претставува добар пример за монографија на село. Главна цел на книгата е да се отргнат од заборав важните податоци за минатото на селото кое е во фаза нараселување.

5. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2007) Циклусот на учење во наставата по географија - *Прирачник за обука на наставниците по географија во основното образование,* USAID, AED, МЦГО-РМ Скопје, стр. 68

Прирачникот има за цел да обучи, да даде поддршка и да ги воведи наставниците по геграфија во работа со адекватни вештини и нови техники во наставниот процес како би биле што поуспешни во образовно-воспитниот процес на учениците. Во прирачникот се изнесени повеќе теми, работилници и примери на квалитетно планирана и ефективно реализирана настава со активна примена на циклусот на учење како инструкциски модел за активно учење преку ангажирање, истражување, дискусија и примена на знаењата.

6. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА, БОЈКОСКА ЅАЛА** (2007) *Извештај од емпириско истражување во училиштата за проблемот „Трговија со луѓе“*, Битола, стр.34

Станува збор за прво истражување од ваков вид во Република Македонија. Во истражувањето се обработени огромен број податоци собрани од анкетните листови кои се дистибурани во основните и средните училишта во Битола. Резултатите од истражувањето упатуваат на заложба, да се мобилизира целата јавност и превентивно да се дејствува, да не биде загрозена иднината на младото и на останатото население како целна група за трговија со луѓе.

7. ВАСИЛЕВСКИ Д., МАРКОСКИ Б., ПАНОВ Н. ПАВЛОВСКИ Ѓ., **ДИМИТРОВ В. Н.**, (2002, 2004, 2007 и 2009) *Географија за II година реформирано гимназиско образование*, IV дополнето издание, Просветно дело, Скопје (стр.182) (ISBN 9989-0-0266-5)

Учебникот е наменет за наставниот предмет Географија за II година реформирано гимназиско образование. Учебникот има и свој подналов - Национална географија на Република Македонија, што е прва под овој назив во независна Македонија. Од неговото појавување, во 2002 година, учебникот има четири дополнети изданија, со што се покажува неговиот квалитет на долгогодишно опстојување во образовниот систем на Република Македонија.

8. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (1998), *Битола – урбано географски развој*, монографска книга, Битола, (стр.320) (ISBN 9989-628-33-5)

Преку монографската книга на специфичен и оригинален урбанистичко-географски аспект на научната и пошироката јавност им е претставена Битола. Во книгата на комплексно и систематизирано се анализираат и објаснуваат сите етапи од извонредно значајната проблематика на урбано-географскиот развој на сложениот феномен на градот. Во студијата покрај обемниот текст е присутен и можне богат графички, картографски и фотографски материјал преку кој може да се согледа географската структура и територијалното ширење на Битола со сите позитивни и негативни одлики.

9. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** ДИМИТРОВСКИ ЃОРЃИ, (1995), *Педесет години настава на македонски јазик во Цапари и Цапарско* – монографска книга, Битола, (стр.72) (ISBN 9989-628-10-6)

Во монографијата е претставен образовниот развој на наставата по македонски јазик во Цапари и Цапарско во периодот од 1944 до 1994 година, со цел да се откријат некои моменти од заборавот. Монографскиот приказ изобилува со податоци за бројот на ученици, наставен, административен кадар и други лица вработени во функција на образованието, и тоа хронолошки за сите 50 години. Низ целата книга се среќаваат податоци за развојот на воспитно-образовната работа, материјалните состојби и други активности за сите училиштата во Цапари и Цапарско.

***Научни, научно-стручни трудови*** *(од 2008 год. па наваму):*

10. **DIMITROV, NIKOLA** & PETREVSKA, BILJANA (2012). Rural tourism development zones: the case of Macedonia, *Researches review of the Department of geography, tourism and hotel management*, 41, pp.152-162.

Во трудот се изнесени состојбите со руралниот туризам во Р.Македонија. Исто така, изнесени се предлози за иден развој на руралниот туризам преку воведување на рурални развојни туристички зони. Се укажува на моменталните скромни резултати, но и на многубројните потенцијали за развој на руралниот туризам. Дефинирани се низа мерки и активности, како и триесет рурални туристички зони, со можност за развој на рурален туризам во над двесте рурални населби.

11. **DIMITROV, V. NIKOLA** & KOLEVSKA, NATASHA (2013). Multimedial performances for pragmatic tourism, *1st International Conference on Cultural Heritage Media and Tourism (ICCMT)*, Ohrid, Macedonia, 18-19-01.2013

Современата туристичка понуда на услуги подразбира продукциски мултивалоризирани природни, антропогени, комуникативни и рецептивни вредности на конкретен објект или географски простор како туристичка дестинациска цел. Во трудот се дадени примери за доживување на туристичката понуда преку примери во Македонија, од аудиовизуелен-реален, преку виртуелен-замислен, до виртуозен-совршен туризам. Сепак, во најголем број примери, туризмот во Р.Македонија сѐ уште е во делот на аудиовизуелен-реален, а го нема во останатите форми на виртуелен и виртуозен туризам.

12. ДИМИТРОВ **В. НИКОЛА** (2012) **О**д идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран), *Зборник со трудови од Научно-стручна трибина „Туризмот во дојранскиот регион“*, одржана на 20.4.2012 година во Дојран, стр. 161-170 (стр. 10)

Во трудот се дава една нова идеа за формирање на кајакарско-кану клуб во Дојран, кој би бил во функција на спортско-рекреативниот туризам. ККК „Полин“ како полифукнционална содржина би имал позитивно влијание воопшто врз развојот на туризмот во Општина Дојран.

13. ДИМИТРОВ **В. НИКОЛА, ЈОШЕСКИ Д**УШКО (2012) **О**сновни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран, *Зборник со трудови од Научно-стручна трубина „Туризмот во дојранскиот регион“*, одржана на 2004.2012 година во Дојран, стр.81-92 (стр. 12)

Во рамките на дозволениот простор се обработени најважните социо-економски параметри кои заслужуваат внимание во насока за унапредување на туризмот во Општина Дојран. На крајот се дадени одредени предлози и сугестии за надминување на дел од проблемите за подобар туризам.

14. ДИМИТРОВ **В. НИКОЛА** (2012) Полифункционална валоризација на битолското фотографирање и фотографии, *Зборник со трудови од Научниот собир „Битолските фотографи и битолските фотоателјеа“*, одржан на 31.3.2012 година во Битола (стр. 25)

Преку примерот на битолското фотографирање и фотографии се даваат насоки како овој занает, професија, уметност и хоби, како полифункционален и масовен медиум би се валоризаирал и во правец на туризмот.

**DIMITROV, V. NIKOLA** and JOSHESKI, DUSHKO and KOTESKI, CANE (2012) **New Keynesian macroeconomics: in the role of the global trend of migrations on the labor market and demographic changes**. *International scientific conference: Migration and labour market, Book of abstracts*, 19-20- October 2012, Hotel Montana - Krushevo - Republic of Macedonia. (Меѓународна научна конференција на тема „Миграцијата и пазарот на трудот“, Хотел „Монтана Палас“ - Крушево, 19-20 октомври 2012 година

Во трудот преку Нео-Кејнзијанската Филипсова крива на случајот Р.Македонија и преку одредени показатели на инфлацијата и невработеноста во земјата, споредено со други земји и простори, се зборува за влијанието на институциите и политиките врз миграциите и демографските промени во Република Македонија. Се констатира дека и покрај сите заложби, во РМ, сѐ уште во миграциите ќе доминира физичкото мигрирање, но ќе се зголеми и обемот на новите трендови на таканаречено интелектурално или технолошко мигрирање.

15. ДИМИТРОВ **В. НИКОЛА** (2012) Спомен парк за Македонските војни и негова туристичка валоризација, Македонско научно друштво *„Прилози“* бр.15-16, Битола, 257-264 (стр.8) (ISSN 0420-09)

Во трудот се изнесени размислувања за изградба на спомен парк за македонските војни во Битола и негова туристичка валоризација. Град со повеќемилениумска историја и град во чијашто близина се одиграле најголемиот број на војни и востанија за и околу Македонија.

16. ДИМИТРОВ **В. НИКОЛА** (2011) Од национално и интегрирано, преку граѓанско до глобално образование, CD - Зборник на трудови од *III Научно-стручен собир со меѓународно учество „Образование во 21-от век“, Битола, 09.12.2011 год. Македонско научно друштво, Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола (стр. 11) (*ISBN 978-608-4616-24-5)

Во рамките на дозволениот простор е направена паралела на важноста на националното и интегрираното образование, наспроти заложбите да се практивува граѓанско и глобалното образование. Се останува на заложбата во Р.Македонија, како мала држава, сè уште да го практикува национаното и интегрираното образование.

17. **ДИМИТОВ В. НИКОЛА** (2011) Село Цапари – Иницијатива за нова рурална туристичка понуда на Општина Битола, Македонско научно друштво – Битола, „Прилози“ бр. 13-14, Битола, стр. 207-214 (стр.8) (ISSN 0420-0950)

Во трудот на концизен начин се изнесува иницијатива селото Цапари, Битолско, да стане нова туристичка понуда на Општина Битола. Во правец на ова зборуваат разните содржини кои ги нуди селото Цапари, кое е лоцирано под врвот Пелистер и чијшто атар во најголем дел припаѓа на Националнот парк Пелистер.

18. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2010), Просторно-популациски обележја на планинските населби во функција за развој на туризмот во Република Македонија, *Зборник на трудови од IV Конгрес на географите на Република Македонија*, Дојран 7-10.X.2010, стр. 259-266 (стр.8) (ISBN 978-608-65155-1-5)

Во трудот се изнесени показатели за просторно-популациските одлики на планинските населби во функција на туризмот. Преку примерот на научно, објективно и егзактно обработување на податоците се даваат насоки како да се развива туризмот во планинските населби, на ниво на туристички региони, и глобално на просторот во Република Македонија.

19. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2010), Македонија демографски стаее (хронолошки приказ), Македонско научно друштво-Битола, *„Прилози“*, бр.11-12, стр.271-290, (стр.20) (ISSN 0420-0950)

Македонија години демографски стареe, оваа констатација е поткрепена со конкрени податоци за процесот на стареење на популациијата. Во прилог на генералниот текст, за хронолошкиот приказ на стареењето на македонското население, дадени се неколку табеларни прегледи. Трудот завршува со предлозите за остварување на разни консеквентни закони, стратегии, стимулации, бенефиции, во правец на пронаталитетна популациона политика, која по извесен период, една/две децении ќе продуцира нејзино стабилизирање и регулирање на идниот демографски развој на Република Македонија.

20. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2010), Излети, екскурзии и теренска настава по географија, Македонско географско друштво, *Географски разгледи* книга 43, Скопје, стр.145-156 (стр.12) (ISSN 1409-908X)

Во стручниот труд се опфатени повеќе сегменти на методско-дидактички пристап важен за планирање и реализација на трите форми на настава по географија надвор од училницата и училиштето. Во рамките на дозволениот простор се третираат општите и посебните карактеристики на излетот, екскурзијата и теренската настава по географија.

21. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2009), Просторно-популациски обележја на населбите во висинската зона од и над 1000 м.н.в. во функција за развој на планинскиот туризам во Република Македонија, *Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум, Географијата и одржливиот развој,* Охрид, 22-25.10.2009 година, стр.353-365 (стр.13) (ISBN 978-608-65155-0-8)

**Трудот претставува прилог кон проучување на населбите од и над 1**.000 м.н.в. во функција за развој на планинскиот туризам. Изнесени се повеќе податоци за овој вид

населби, нивните природни и други потенцијали за развој на планински туризам, и тоа гледано по туристички региони, подрачја, општини и во целина за Република Македонија.

22. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** (2009) Модели на стратегии за демографскиот развој и популациона политика, *Зборник на трудови на научниот симпозиум: „Демографската транзиција и популационата политика на Република Македонија“*, Битола, 28.06.2009 година, стр. 151-164 (стр.14) (ISBN 9989-628-75-0)

Во трудот се дадени неколку модели на стратегии за демографски развој и популациона политика кои би можеле да се примената во Република Македонија. Моделите на стратегии се подредени и калсифицирани на повеќе нивоа. Предлозите кои се изнесени се обид теоретските да се предвидат одредени правци на делување за реализација на стратегии за демографски развој и популациона политика во Република Македонија.

23. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** (2009) Концентрација и депопулација на просторните постулати во популационата политика на Република Македонија, *Зборник на трудови на научниот симпозиум: „Демографската транзиција и популационата политика на Република Македонија“*, Битола, 28.6.2009 година, стр. 81-100 (стр.20) (ISBN 9989-628-75-0)

Преку трудот се прави обид кратко да се претстави профилот на демографската концентрација и депопулација на ниво на општини, региони и на Град Скопје. Во трудот изнесени се голем број податоци за просторната концентрација и депопулација во Р.Македонија. Се констатира дека демографски диспаритети претставуваат битен фактор при дефинирањето на популационата политика и економскиот развој во Република Македонија.

24. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2008), Населението и системот на населби во Пелагонискиот плански регион (актуелни состојби), Македонско научно друштво – Битола, *„Прилози„* бр.09-10, Битола, стр.145-160 (стр.16) (ISSN 0420-0950)

Станува збор за неколку демогеографски карактеристики на населението и системот на населби во Пелагонискиот плански регион. Неповолните состојби во однос на природното движење на населението кое се карактеризира со негативен природен прираст, со општини во кои е навлезен интензивен процес на стареење на популацијата, со доминација на мали и раселени населби. Наведените показатели се доволен повод општествената заедница да почне да спроведува адекватна политика за ревитализација на популациајта.

25. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА** (2008), Идентификација и работа со надарени ученици – надарени за географија, Македонско географско друштво (МГД), *Географски разгледи,* книга 41-42, Скопје, (стр.151-158) (ISSN 1409-908X)

Во стручниот текст се дадени одредени констатации и насоки како наставниците по географаија да препознаваат и работно да се ангажираат успешно да го менторираат напредувањето на талентираните ученици за географија.

***Список на објавени трудови на доц. д-р Никола В. Димитров***

***А. Објавени книги, учебници, прирачници и сл.***

***А.1. Објавени научни книги во странство***

JOSHESKI, DUSHKO and LAZAROV, DARKO and **DIMITROV. V, NIKOLA** and KOTESKI, CANE (2012) *Writings in Applied Economics - Part II, Theories and models.* In: Writings in Applied Economics - Part II, Theories and models. LAP LAMBERT Academic Publiching ist ein imprint der / is a trademark of AV Akademikerverlang GmbH&Co.KG Hheinrich - Bocking - Str. 6-8, 66121 Saarbrucken, deutschland / Germany Email: info@lap-publishing.com, pp. 1-149. (ISBN 978-3-659-25941-8)

***А.2. Објавени научни книги, учебници, прирачници во земјата***

**1. ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** МАРКОСКИ БЛАГОЈА (2011) *Теренска настава – прирачник по географија*, „Геомап“ – Скопје,стр.115,(ISBN 978-9989-2117-4-4)

**1.** ВАСИЛЕВСКИ ДРАГАН, МАРКОСКИ БЛАГОЈА, ПАНОВ НИКОЛА, ПАВЛОВСКИ ЃОРЃИ, **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2002, 2004, 2007, 2009) *Географија за II година реформирано гимназиско образование*, IV дополнето издание, Просветно дело, Скопје (стр.182) (ISBN 9989-0-0266-5)

2. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** (2009) *Велмевци – предци и наследници, нонографија*, МЗ Велмевци, Општина Демир Хисар, стр.394 (ISBN 978-9989-57-635-1)
3. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** ОГНЕНОВСКИ ТРАЈКО, (2009) *Битолски регион – население и населби,* монографска книга, Општина Битола, стр.303 (ISBN 978-86-17-12355-4)
4. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** (2008) *Теренска настава по географија – прирачник за наставници,* „Тримакс" – Скопје, (стр.105)
5. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** (2007) Циклусот на учење во наставата по географија - *Прирачник за обука на наставниците по географија во основното образование*, USAID, AED, МЦГО-РМ Скопје, стр. 68
6. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА, БОЈКОСКА ЅАЛА,** (2007) *Извештај од емпириско истражување во училиштата за проблемот „Трговија со луѓе"*, Битола, стр.34

***А.3. Објавени поглавија во научни книги во земјата***

1. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА.,** (2008) Природно-географски одлики, *Пелистер, монографија – Педесет години Јавна установа Национален парк „Пелистер"*, - Битола, стр.42-55 (стр.14) (ISBN 978-9989-195-05-1)
2. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** (2004) Битола, Природно-географски карактеристики на Битола и население (*Монографија за Битола* – Колективен труд од 42 автори, во издание на НИП „Микена" – Битола, стр. 290), стр.13-17 (стр.5) (ISBN 9989-55-024-7)

***А.4. Резенцирана скрипта и интерни скрипти и практикуми***

1. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2013) *Просторно планирање* – рецензирана скрипта, УГД, ФТБЛ, Штип, стр.222 *(е-библиотека, УГД)*

***А.4.а. Интерни скрипти и практикуми***

1. МЕТОДИЈЕСКИ, ДЕЈАН & **ДИМИТРОВ, НИКОЛА** (2013). *Рурален туризам*, интерна скрипта, Скопје
2. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА &**, КОЛЕВСКА НАТАША, (2012) *Практикум по просторно планирање* – за интерна употреба, УГД, ФТБЛ, Штип, стр.60
3. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, МЕТОДИЈЕСКИ Д., (2012) *Ресторански менаџмент,* интерна скрипта. УГД. ФТБЛ, стр.120
4. ТАШКОВ НАКО, **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, МЕТОДИЈЕСКИ ДЕЈАН, (2012) *Пракса во хотелско-угостителски објект 1*–интерна скрипта, УГД-ФТБЛ,Скопје, стр. 54
5. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА.**, (2012) *Демографија*, интерна скрипта. УГД. ФТБЛ, стр.122
6. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА.**, (2012) *Географски основи на просторно планирање* – скрипта, УГД, ФПТН, Штип, стр.95
7. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2010) *Културно наследство*, интерна скрипта, УГД, ФТБЛ, Штип, формат А4,стр.107
8. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2010) *Географија на население (демогеографија)*, – интерна скрипта, УГД, ФПТН, Штип, формат А/4 стр.100
9. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА,** ТАШКОВ НАКО**,** (2010) *Дневник за феријална пракса* (Дневник на активности на студентот за време на феријалната пракса), УГД - ФТБЛ, формат А4, стр.34
10. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2010) *Туристичка географија* – интерна скрипта на предавања и презентации *(збирка тези и слајдови/слики)*, УГД, ФТБЛ, Штип, стр. 210
11. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2009) *Просторно планирање*, авторизирани предавања за интерна употреба, скрипта, формат А4, стр. 109
12. **ДИМИТРОВ В. НИКОЛА**, (2009) Ресторански менаџмент, авторизирани предавања за интерна употреба, скрипта, формат А4, стр.95

*В. Објавени трудови во странство*

1. **DIMITROV, NIKOLA** & PETREVSKA, BILJANA (2012). Rural tourism development zones: the case of Macedonia, *Researches review of the Department of geography, tourism and hotel management*, 41, pp.152-162.

JOSHESKI, DUSKO and **DIMITROV. V, NIKOLA** and KOTESKI, CANE (2012) ***Naselenieto i ekonomskiot rast, primerok so nadolžni podatoci od Balkanskite zemji.*** Economic Growth eJournal, Population and economic growth theme: Longitudinal data for a sample of Balkan countries, 4 (26). p. 30.

